# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 15 Јули 2022 година Скопје<br>Бр.10 Год. XVII |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за давање на согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица“ Ѓорче Петров-Скопје ....................стр.2
2. Одлука за давање на согласност на Правилникот за систематизација на работните места на Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Росица“ – Ѓорче Петров – Скопје ....................стр.4
3. Одлука за давање согласност на Планот за измена и дополна на Годишниот план за вработување во Општина Ѓорче Петров за 2022 година ....................стр.6
4. Одлука за задолжување на Општина Ѓорче Петров со заем кај финансиска институција .стр.8
5. Одлука за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штети предизвикани од природни непогоди, епидемии, епизотии ....................стр.11
6. Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план – на нумерички податоци за ГП 3.28 од ДУП Ѓорче Петров 37 ....................стр.14
7. Одлука за донесување на Техничка исправка на ГП 7.37 и ГП 7.38 од Детален урбанистички план Мирче Ацев 38, Општина Ѓорче Петров ....................стр.16


Јули 2022 година

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров („Службен гласник наопштина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за давање на согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица“ Ѓорче Петров-Скопје**

**Се објавува Одлуката за давање на согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места на Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Росица“ – Ѓорче Петров – Скопје број 01-139/3 од 01.07.2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на 16-тата седница на советот, одржана на ден 15.07.2022 година.**

**Број 09-1430/1**
**од 15.07.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република С.Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 и 150/22) и член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Службен весник на Република С.Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) („Службен гласник на општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров („Службен гласник на општина Ѓорче Петров“ бр. 3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 16-тата седница одржана на 15.07.2022 година, донесе:**

**ОДЛУКА**
**за давање на согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места на Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Росица“ – Ѓорче Петров – Скопје**

**Член 1**

**Се дава согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места на Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Росица“ – Ѓорче Петров – Скопје број 01-139/3 од 01.07.2022 година, донесен на седница на Управниот одбор на ЈОУДГ„РОСИЦА“ Ѓорче Петров - Скопје на ден 01.07.2022 година под број 02-139/5 од 01.07.2022 година.**

**Член 2**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров”.**

**Број 08 - 1378/3**
**од 15.07.2022 година**
**С к о п ј е**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров („Службен гласник наопштина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за давање на согласност на Правилникот за систематизација на работните места на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица“ - Ѓорче Петров - Скопје**

**Се објавува Одлуката за давање на согласност на Правилникот за систематизација на работните места на Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Росица“ - Ѓорче Петров - Скопје број 01-139/4 од 01.07.2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на 16-тата седница на советот, одржана на ден 15.07.2022 година.**

**Број 09-1430/2**
**од 15.07.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република С.Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 и 150/22) и член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Службен весник на Република С.Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) („Службен гласник на општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров („Службен гласник на општина Ѓорче Петров“ бр. 3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 16-тата седница одржана на 15.07.2022 година, донесе:**

**ОДЛУКА**
**за давање на согласност на Правилникот за систематизација на работните места на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица“ - Ѓорче Петров - Скопје**

**Член 1**

**Се дава согласност на Правилникот за систематизација на работните места на Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Росица“ – Ѓорче Петров – Скопје број 01-139/4 од 01.07.2022 година, донесен на седница на Управниот одбор на ЈОУДГ„РОСИЦА“ Ѓорче Петров - Скопје на ден 01.07.2022 година под број 02-139/5 од 01.07.2022 година.**

**Член 2**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров”.**

**Број 08 - 1378/4**
**од 15.07.2022 година**
**С к о п ј е**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров („Службен гласник наопштина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Планот за измена и дополна на Годишниот план за вработување во Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Се објавува Одлуката за давање согласност на Планот за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување на општина Ѓорче Петров за 2022 година, број 04-1319/1 од 24.06.2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на 16-тата седница на советот, одржана на ден 15.07.2022 година.**

**Број 09-1430/3**
**од 15.07.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/02), член 32 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република С.Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), член 20а и 20б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19 и 14/20), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 16-тата седница одржана на 15.07.2022 година, донесе:**

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Планот за измена и дополна на Годишниот план за вработување во Општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Член 1**

**Со оваа Одлука се дава согласност на Планот за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување на Општина Ѓорче Петров за 2022 година, број 04-1319/1 од 24.06.2022 година.**

**Член 2**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров".**

**Број 08 - 1378/5**
**од 15.07.2022 година**
**С к о п ј е**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров („Службен гласник наопштина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за задолжување на Општина Ѓорче Петров**
**со заем кај финансиска институција**

**Се објавува Одлуката за задолжување на Општина Ѓорче Петров со заем кај финансиска институција, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на 16-тата седница на советот, одржана на ден 15.07.2022 година.**

**Број 09-1430/4**
**од 15.07.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа член 11 став 5 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република С. Македонија" бр. 244/19), член 4 од Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и „Службен весник на Република С.Македонија" бр. 98/19 и 151/21), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" број 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" број 3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 16-тата седница одржана на 15.07.2022 година, донесе:**

## ОДЛУКА
## за задолжување на Општина Ѓорче Петров со заем кај финансиска институција

### Член 1

**Со оваа одлука Општина Ѓорче Петров се задолжува со заем кај финансиска институција заради обезбедување средства за финансирање на проекти и инвестиции од значење за Општината.**

### Член 2

**Задолжувањето се врши со заем кај финансиска институција за износ во висина од 36.400.000,00 денари, во согласност со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Законот за јавен долг и Статутот на Општина Ѓорче Петров.**

### Член 3

**Средствата од член 2 на оваа Одлука се наменети за реализација на следниве Проекти:**

**1. Изградба на спортска сала ПООУ „Димитар Поп Георгиев – Беровски" во Хром и**

**2. Пробивање на улицата „Христо Батанџиев" кон улицата „Исмаил Крифца" (поранешна „Сремски фронт") и поврзување на УЗ Мирче Ацев со УЗ Дексион.**

### Член 4

**Условите и начинот на користење на заемот од член 1 на оваа Одлука се утврдуваат со Договор за заем кој се склучува меѓу Општина Ѓорче Петров и финансиската институција.**

**Задолжувањето се реализира, под следниве услови:**

- **каматна стапка: до 3,9%**
- **рок на отплата: 10 години,**
- **грејс период: 2 години,**

**Член 5**

**Се овластува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да ги преземе потребните мерки и активности за реализација на оваа Одлука и да го потпише Договорот за заем од член 1 на оваа Одлука.**

**Член 6**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-1378/6** **Совет на општина Ѓорче Петров**
**Од 15.07.2022 година** **Претседател,**
**Скопје** **Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров („Службен гласник наопштина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штети предизвикани од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи**

**Се објавува Одлуката за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штети предизвикани од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на 16-тата седница на советот, одржана на ден 15.07.2022 година.**

**Број 09-1430/5**
**од 15.07.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02), член 143 став 1 алинеа 2 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21) Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи (Службен весник на Република Македонија број 98/05, 152/10, 90/15 и 194/19), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13) и Статутарите одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 16-тата седница одржана на ден 15.07.2022 година, донесе**

## О Д Л У К А
**за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штети предизвикани од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи**

**Член 1**

**Се формира Комисија за процена и утврдување на висина на настаната штета од природни непогоди и други несреќи во во следниот состав:**

1. **Кире Ристовски - Претседател**
2. **Жарко Петковски - Заменик Претседател**
3. **Верче Стојановска - Член**
4. **Ана Кировска - Член**
5. **Илија Исаковски - Член**
6. **Војо Петковски - Член**

**Мандатот на претседателот, заменик претседателот и членовите на Комисијата трае 4 години сметано од денот на донесување на одлуката од страна на советот на општината.**

**Член 2**

**Комисијата за процена и урврдување на висина на штета се формира за утврдување на видот и висината на штетата во физички и вредносни показатели, по територија, средства, време и причини за настанување и тоа за корисници и сопственици на имот.**

**Резултатите од процената на штетите се користат за утврдување на конкретни мерки за отстранување на настанатите штети и утврдување на големината на загубите.**

**Член 3**

**Процената на штета се врши за целото подрачје кое претрпело штета од природни непогоди и други несреќи.**

**При процена и утврдување на висината на штетата врз средствата и другите материјални добра, Комисијата постапува согласно Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината штетата настанати од природни непогоди и други несреќи („Службен весник на Република Македонија" бр.98/05,**

**90/15 и 194/19), а ја применуваат Методологијата за процена на штетите од природни непогоди и други несреќи, усвоена од Владата на Република С.Македонија („Службен весник на Република С.Македонија“).**

**Член 4**

**Комисијата е должна да изготви збирен Извештај за проценетите штети на територијата на Општина Ѓорче Петров и да го достави до градоначалникот и советот на општината и до Комисијата формирана при Владата на Република С.Македонија.**

**Член 5**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-1378/7**
**Од 15.07.2022 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров („Службен гласник наопштина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план – на нумерички податоци за ГП 3.28 од ДУП Ѓорче Петров 37**

**Се објавува Одлуката за донесување Техничка исправка на урбанистички план – на нумерички податоци за ГП 3.28 од ДУП Ѓорче Петров 37 (донесен со Одлука на советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 година), Општина Ѓорче Петров, Скопје, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на 16-тата седница на советот, одржана на ден 15.07.2022 година.**

**Број 09-1430/6**
**од 15.07.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Република Македоија број 05/02),член 36 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија број 32/20), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 16-тата седница одржана на ден 15.07.2022 година, донесе**

**О Д Л У К А**
**за донесување на Техничка исправка на урбанистички план – на нумерички податоци за ГП 3.28 од ДУП Ѓорче Петров 37**

**Ч л е н 1**

**Со оваа Одлука се донесува Техничка исправка на урбанистички план – на нумерички податоци за ГП 3.28 од ДУП Ѓорче Петров 37 (донесен со Одлука на советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 година), Општина Ѓорче Петров, Скопје, изработена од ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје со тех. бр. 80/22-У од јуни 2022 година, а по добиено позитивно Мислење од Комисијата за урбанизам на Општина Ѓорче Петров со бр. 27-327/9 од 29.06.2022 година.**

**Ч л е н 2**

**Техничката исправка на урбанистички план – на нумерички податоци за ГП 3.28 од ДУП Ѓорче Петров 37 (донесен со Одлука на советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 година), Општина Ѓорче Петров, Скопје, изработена од ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје со тех. бр. 80/22-У од јуни 2022 година, е составен дел на Деталниот урбанистички план Ѓорче Петров 37 (Одлука бр. 07-307/4 од 21.03.2001 година).**

**Ч л е н 3**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-1378/8** **Совет на општина Ѓорче Петров**
**Од 15.07.2022 година** **Претседател,**
**Скопје** **Ленче Нелоска с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров („Службен гласник наопштина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за донесување на Техничка исправка**
**на ГП 7.37 и ГП 7.38 од Детален урбанистички план**
**Мирче Ацев 38, Општина Ѓорче Петров**

**Се објавува Одлуката за донесување Техничка исправка на ГП 7.37 и ГП 7.38 од Детален урбанистички план Мирче Ацев 38, Општина Ѓорче Петров, донесен со Одлука на советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-733/3 од 10.07.2001 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на 16-тата седница на советот, одржана на ден 15.07.2022 година.**

**Број 09-1430/7**
**од 15.07.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Република Македоија број 05/02),член 36 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија број 32/20), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 16-тата седница одржана на ден 15.07.2022 година, донесе**

## О Д Л У К А
**за донесување на Техничка исправка на ГП 7.37 и ГП 7.38 од Детален урбанистички план Мирче Ацев 38, Општина Ѓорче Петров**

### Ч л е н 1

**Со оваа Одлука се донесува Техничка исправка на ГП 7.37 и ГП 7.38 од Детален урбанистички план Мирче Ацев 38, Општина Ѓорче Петров, донесен со Одлука на советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-733/3 од 10.07.2001 година, изработена од КВАДАР ДОО Скопје со тех.бр. 0701-602 од 28.06.2022 година, а по добиено позитивно Мислење од Комисијата за урбанизам на Општина Ѓорче Петров со бр. 27-339/9 од 04.07.2022 година.**

### Ч л е н 2

**Техничка исправка на ГП 7.37 и ГП 7.38 од Детален урбанистички план Мирче Ацев 38, Општина Ѓорче Петров, донесен со Одлука бр. 07-733/3 од 10.07.2001 година, изработена од КВАДАР ДОО Скопје со тех.бр. 0701-602 од 28.06.2022 година, е составен дел на Деталниот урбанистички план Мирче Ацев 38 (Одлука бр. 07-733/3 од 10.07.2001 година).**

### Ч л е н 3

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-1378/9** | **Совет на општина Ѓорче Петров**
**Од 15.07.2022 година** | **Претседател,**
**Скопје** | **Ленче Нелоска с.р.**